Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден 10 06.2024 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13-Фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на КП4279/1, КП4280 и КП4283 КО Кукуречани, Општина Битола, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13-Фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на КП4279/1, КП4280 и КП4283 КО Кукуречани, Општина Битола, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Согласно Решение за Услови за планирање на просторот со бр. Уп 1-15-2211/2023 од 10.10.2023 (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y48823 од Октомври 2023 година) на подрачјето на КП4279/1, КП4280 И КП4283 КО Кукуречани, Општина Битола нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-1691/6
Датум: 12 .06.2024 година
Место: Скопје

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**BEKIM REXHEPI**